**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 0811 – 264/6***
***Скопје 09/ 04/2009 година***

**ДО**
**ЈП ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА**
**МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје за периодот 08.08.2007 до 31.12.2007 година (во натамошниот текст ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје), прикажани на страните од 14 до 17.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија на финансиските извештаи на ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје за 2006 година како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

   - ✓ Никола Димитровски, директор во период од 08.08.2007 до 31.12.2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 13 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

   ✓ 6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 20/10/2008 до 09/01/2009 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - ✓ дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - ✓ дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени



***Овластен државен ревизор***

__________________________

рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Од страна на одговорното лице на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници – Скопје добиени се забелешки на Претходниот извештај и тоа на точките 10.1.1, 10.2.1, 10.2.2. и 10.4.4, при што се прифатени забелешките на точките 10.2.1, 10.2.2. и 10.4.4, заради дополнително добиени документи, додека 10.1.1. според содржината претставува коментар за преземените мерки во текот на 2008 година.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Систем на интерни контроли во процесите**

11.1.1. При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање и процесот на наплата на приходи ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли не го намалуваат ризикот од плаќање и наплата по основ на некомплетна, неуредна и неликвидирана документација. Причина за овие ризици е несоодветната комуникација и координација меѓу организационите делови во претпријатието и невоспоставената внатрешна контрола, како систем на финансиски и други контроли, вклучувајќи ги организационата структура, процедурите на работење и внатрешната ревизија.
Во врска со наведеното, во јавното претпријатие не се предвидени работни места за вршење на внатрешна финансиска контрола и внатрешна ревизија, што е спротивно на одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор.

**Препорака:**

Одговорното лице да ги преземе следниве активности согласно законските прописи:

- ✓ да назначи лице кое ќе врши ликвидирање на документите и ќе гарантира дека истите вистинито и реално ги прикажуваат сметководствените промени и трансакции;
- ✓ да назначи лице кое ќе врши внатрешна ревизија.

**11.2. Неправилна примена на акти**

11.2.1. ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје не постапило согласно одредбите од Статутот во делот на донесување:

- ✓ Долгорочен Бизнис план;
- ✓ Програма за развој и
- ✓ Акт за организација и безбедност на железничкиот сообраќај,

врз основа на кои претпријатието го организира своето работење, планирање и развој.

Исто така, не е спроведена обврската според која во рок од шест месеци од стапувањето во сила на Статутот да се донесат следните општи акти:

- ✓ Колективен договор на ниво на работодавач;
- ✓ Правилник за внатрешна организација и систематизација на претпријатието.

Непочитување на одредбите од Статутот на претпријатието и недонесените интерни акти предизвикува функционирањето на претпријатието да се одвива без соодветна стратегија за развој на претпријатието во наредниот период и без дефинирање на правецот на делување заради надминување на финансиската нестабилност.

**Препорака:**

Одговорното лице да преземе мерки за целосно и навремено имплементирање на одредбите од Статутот на јавното претпријатие.

11.2.2. Владата на Република Македонија нема донесена Одлука за регулирање на долговите на ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје кон странските кредитори и доверители, согласно одредбите на Законот за трансформација на ЈП Македонски Железници ц.о.Скопје.
Со наведената Одлука треба да се регулираат постојните долгови на ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје кон странските кредитори и доверители кои настанале заклучно со 31.12.2004 година, а за кои Република Македонија веќе има издадено или дополнително ќе издаде државни гаранции.

Во текот на 2009 година Владата на Република Македонија донела Одлука за регулирање на долговите на ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје кон странските кредитори и доверители и истата е објавена во „Службен весник на Република Македонија“.

11.2.3. ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје располага со деловен простор територијално распореден во 174 објекти и станбен фонд од 296 станови, кои се изградени од издвоените средства од поранешниот Фонд за заедничка потрошувачка и деловен фонд.
Деловните простории се користат за стопанисување при што се остварува приход по основ на наплата на закупнина, чија висина ја утврдува Управниот одбор на субјектот на предлог на Секторот за општествен стандард во Дирекцијата на ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје. Станбениот простор се користи за задоволување на потребите на вработените на кои им се доделени становите на користење, со наплата на станарина која во најголем дел е по основ на цена пониска од пазарната.
Ревизијата констатира дека субјектот нема донесено пишани процедури за одредување на критериумите кои ќе се користат при одредување на висината на закупнината и станарината, начинот и условите на издавање на деловениот и станбен простор под закуп. Во голем број случаи ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје нема склучено договори со корисниците на станбениот простор, што е спротивно на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

Цените кои не се усогласени со пазарните цени за закупнините и станарините не овозможуваат обезбедување доволно средства за тековно и инвестиционо одржување на деловниот и станбениот простор, нити економска корист на претпријатието. Недостатокот на пишани процедури доведува до субјективно утврдување на закупнините и станарините и при изборот на корисникот на деловниот и станбениот простор.

**Препорака:**

Одговорното лице да ги преземе следниве активности:

- ✓ да изготви акт со кои ќе се дефинираат критериумите врз основа на кои ќе се определат цените за користење на деловниот и станбен простор, а кои ќе се темелат на реалните пазарни вредности;
- ✓ да се донесе акт со кои ќе се дефинираат пишани процедури за начинот и условите на издавање на деловниот и станбен простор под закуп односно нивно користење;
- ✓ да се изготват договори со сите корисници на деловните и станбените површини, со примена на новите утврдени цени за закуп и станарина;
- ✓ да се воспостави контрола во делот на наменското и соодветното користење на изнајмените објекти;
- ✓ да се почитуваат одредбите од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, односно субјектот со нив да однесува со внимание на добар стопанственик.

11.2.4. Во 2007 година пресметката на платите на вработените во јавното претпријатие е извршена со примена на коефициенти за квалитет на извршена работа и редовност на работа дефинирани во следните интерни акти:

- Колективен договор на ЈП Македонски Железници Скопје од мај 1999 година,
- Правилник за плати, надоместоци на плати и други примања на ЖТП – Скопје од март 1992 година,
- Правилник за внатрешна организација и систематизација на работни места на ЈП Македонски Железници Скопје од декември 2001 година и
- Систематизација на работи и работни задачи на работна заедница, заеднички служби – Скопје од мај 1985 година.

Во 2005 година е донесен Законот за работни односи, но интерните акти и начинот на пресметка на плата не се усогласени со истиот. Од одговорните лица во јавното претпријатие е добиена информација дека се започнати активности за донесување на нови акти согласно законската регулатива.

Исто така, вработените со исклучок на ново примените немаат склучено договори за работа, заради дефинирање на правата и обврските на работодавачот и вработените, што е спротивно на Законот за работни односи.

Неусогласеноста на интерните акти со Законот за работни односи, непочитување на одредбите од истиот закон и отсуството на договорите склучени помеѓу работодавачот и вработените може да предизвика несоодветно и ненавремено извршување на работните задачи од страна на вработените.

**Препорака:**

Одговорното лице да продолжи со започнатите активности во донесување акти кои целосно ќе бидат усогласени со законските прописи и врз основа на истите да се склучат договори за работа со вработените лица.

**11.3. Неправилности во искажување на приходи/расходи**

11.3.1. Во периодот август-декември 2007 година, остварени се приходи во износ од 393.843 илјади денари по основ на надомест од користење на железничка инфраструктура. Овој надомест се наплатува од единствениот корисник на овој вид на

услуга од АД за транспорт МЖ Скопје. Висината и начинот на наплата на надоместокот е определен со Одлука на Управниот одбор и склучениот договор помеѓу двата субјекта настанати по поделбата на ЈП Македонски Железници ц.о. Скопје, според кои приходот што го остварува АД за транспорт МЖ Скопје по основ на товарниот и патничкиот сообраќај се распределува 50% поединечно на двете претпријатија.
Ревизијата констатира дека субјектот има помалку остварен приход по основ на надомест од користење на железничка инфраструктура во вкупен износ од 24.075 илади денари и помалку пресметан ДДВ по тој основ во износ од 4.425 илјади денари, од причина што доставените податоци од АД за транспорт МЖ Скопје, врз основа на кои ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје врши фактурирање, содржат одбитни ставки за дენгуби, позајмени локомотиви, рефакции и слични услуги, кои не се предвидени во Одлуката на Управниот одбор и склучениот договор помеѓу двата субјекта.

ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје нема изготвено пишани критериуми за начинот на пресметување на надоместокот од користење на железничка инфраструктура, врз основа на најнови технички решенија за реално прикажување на вистинскиот надоместок со мерливи параметри кои објективно ја утврдуваат цената на надоместот, согласно одредбите на Законот за железниците, а не паушално како што се применува во текот на 2007 година.

Од страна на одговорните лица во ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје добиена е информација дека во тек се активности околу изработка на студија за начинот на пресметување на надоместот за користење на инфраструктура, применувајќи стручни и научни методи.

**Препорака:**

Одговорните лица во ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје да продолжат со започнатите активности околу изработка на студија за начинот на пресметување на надоместокот за користење на инфраструктура согласно Законот за железниците.

11.3.2. Склучен е договор, за регулирање на начинот на наплата на побарувањето на ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје од должникот – транспортно претпријатие во вкупен износ од 24.005 илјади денари. Ова побарување кое е искажано во сметководствената евиденција како долгорочни вложувања произлегува од стечајното решение од 31.10.2002 година донесено од основниот суд Кичево. Заради регулирање на меѓусебните односи потпишан е договор со транспортното претпријатие, според кој јавното претпријатие како доверител се согласил должникот да го исплати долгот во рок од три години, безкаматно од денот на склучување на договорот.
Врз основа на изнесеното ревизијата констатира дека се работи за штетен договор дозволувајќи одложена наплата на долгот и загубена добивка по основ на камата, без согласност на Управниот одбор и основачот – Владата на Република Македонија.
Со наведеното дејствие овозможено е субјективно одлучување за одложено плаќање на долгот спрема доверителот и помалку остварени приходи по основ на камата.

**Препорака:**

Одговорното лице да покрене постапка на одговорност против лицето кое го склучило договорот со должникот.

11.3.3. ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје нема склучено договор за закуп без надоместок за користење на деловните простории од страна на АД за транспорт

МЖ Скопје, што е спротивно на Планот за поделба на капиталот, средствата, правата, обврските и вработените на ЈП Македонски железници-ц.о. Скопје.
ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје има искажано повеќе трошоци заради тоа што со АД за транспорт МЖ Скопје нема склучено договор за заедничките трошоци што ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје во име на АД за транспорт МЖ Скопје ги измирува трошоците за вода, струја и греење за оние деловни простории кои заеднички ги користат.

Наведените констатации имаат влијание врз реалното искажување на трошоците и оствареniot финансиски резултат.

**Препорака:**

Одговорното лице да склучи договор за закуп без надоместок за користење на деловните простории од страна на АД за транспорт МЖ Скопје и договор за поделба на зедничките трошоци за деловните простории кои заеднички се користат.

**11.4. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

11.4.1. Според Планот за поделба на капиталот, средствата, правата, обврските и вработените и делбениот биланс како составен дел на Планот на Владата на Република Македонија, при поделбата на постоечкото јавно претпријатие Македонски железници и формирањето на двете нови претпријатија направена е билансна нерамнотежа во која активата (постојани средства, побарувања и залихи) за износ од 6.329.560 илјади денари ја надминува пасивата (капитал и обврски), што е спротивно на законските прописи, меѓународните сметководствени стандарди/меѓународни стандарди за финансиско известување и сметководствените принципи и начела. Билансната нерамнотежа е пренесена и кај двете ново формирани јавни претпријатија во ист износ и истата е констатирана со 31 декември 2007 година.

Констатираната билансна рамнотежа придонесува за нереално и необјективно искажување на податоците во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Одговорното лице да преземе активности заради надминување на констатираната состојба на билансната нерамнотежа во финансискиот извештај.

11.4.2. Со ревизијата на постојаните средства констатирани се следните неправилности:

11.4.2.1. ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје има обезбедено имотни листови за голем број на градежни објекти кои се добиени на користење, но ревизијата не можеше со сигурност да утврди за кои објекти од сметководствената евиденција има обезбедено имотни листови. Основни причини поради кои не е можно да се изврши нивно впарување се:

- големиот број на градежни објекти со кои располага ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје, како и нивната разединетост,
- неистоветност во начинот на прикажување на податоците за градежните објекти во сметководствената евиденција на ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје со оние на Државниот Завод за геодетски работи,
- разлики во искажаната површина на објектите во сметководствената евиденција и онаа во имотните листови,

- постојат објекти кои во Државниот Завод за геодетски работи се уште се водат како земјиште.

Недостатокот на целосна и веродостојна документација за градежни објекти со кои располага ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје, придонесува за нереално и необјективно искажување на истите во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Одговорните лица во ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје да ги преземат следните активности:

- ✓ да се усогласи постоечката сметководствена евиденција за градежните објекти со имотните листови издадени од Државниот Завод за геодетски работи, со цел да се утврди за кои објекти претпријатието има обезбедено имотни листови;
- ✓ да се изврши усогласување на површините во сметководствената евиденција со податоците добиени Државниот Завод за геодетски работи;
- ✓ да се обезбедат имотни листови за објектите кои се во сопственост на претпријатието.

11.4.2.2. Пет градежни објекти со набавна вредност од 1.494 илјади денари и отпишана вредност од 697 илјади денари, не се воведени во сметководствената евиденција, иако од страна на Управниот одбор е донесена одлука за нивно евидентирање во 2007 година. Поради тоа во Билансот на состојба на ден 31.12.2007 година потценета е состојбата на позициите Градежни објекти и Акумулирана амортизација на градежни објекти, при што за износот на сегашната вредност на објектите или 797 илјади денари помалку се евидентирани приходи на позицијата Приходи од минати години во Билансот на успех за 2007 година.

Во текот на ревизијата извршена е корекција на наведената состојба, при што корекцијата е спроведена во сметководствената евиденција за 2008 година.

11.4.2.3. Според извршениот попис на основните средства и пописниот елаборат изготвен од членовите на пописната комисија констатирано е дека со извршената проценка од надворешна ревизорска куќа голем број на основни средства не се опфатени во проценката, дел од нив кои воопшто не постојат се водат во сметководствената евиденција, а дел од средствата се нереално проценети според нивната застареност и функционалност.

11.4.2.4. Помалку е пресметана амортизација за градежни објекти во износ од 9.235 илјади денари и за алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства во износ од 951 илјади денари или вкупно 10.186 илјади денари, при што за истиот износ помалку се искажани трошоци на позицијата Амортизација по минимални стапки во Билансот успех за 2007 година.

11.4.2.5. Во сметководствената евиденција не е евидентирано земјиштето со кое располага јавното претпријатие, што е спротивно на одредбите од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, како и Правилникот за користење и располагање со стварите на ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје.

11.4.2.6. На ревизијата не и беа презентирани сообраќајни дозволи за три возила, кои претставуваат доказ за сопственост на истите.

Нереалната проценка на постојаните средства, непресметаната амортизација, нецелосното евидентирање на средствата и непоседување на веродостојна

документација за сопственост на средствата предизвикуваат нереално и необјективно искажување на податоците во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Одговорното лице да преземе мерки во надминување на констатираните состојби во делот на проценување на постојаните средства, веродостојноста на нивното постоење и евидентирање во сметководствената евиденција и во правилната пресметка на амортизација согласно Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на нематеријалните и материјалните средства и за Номенклатурата на средствата за амортизација и годишните стапки.

11.4.3. При увид во документацијата за позицијата Аванси за материјални средства искажана во Билансот на состојба, ревизијата утврди неоправдани аванси, неизвршени работи и непреземени активности од одговорните лица за враќање на дадените аванси, и тоа:

- Од вкупниот износ на неоправдани аванси, 82% или 549.312 илјади денари претставуваат неоправдани аванси исплатени на четири градежни фирми за изградба на пругата Бељаковци-Деве Баир. Со овие фирми, ЈП Македонски железници ц.о. Скопје, во периодот од 1994 до 1996 година има склучено 24 основни договори и голем број на анекс договори, а во период од 1999 и 2000 година склучени се три договори за дадени аванси во материјали и опрема. Иако овие договори биле краткорочни, најчесто не подолги од една година, голем дел од работата, предмет на овие договори, не била извршена, а со тоа и дадените аванси не биле оправдани. Треба да се истакне дека првичните договори кои биле склучени со овие четири фирми, а секој поединечно изнесувал 80.000 илјади денари или вкупно 320.000 илјади денари, биле авансни исплати за работата која требала да биде извршена, за што фирмите требале да достават банкарски гаранции, но истите не биле доставени до претпријатието.
- Во 1995 и 1996 година склучени се два договора со една странска фирма за набавка на анкери за преднапрегање и изнајмување на специјална опрема и за набавка на еластомерни лежишта со метални кутии за изградба на железничка пруга Скопје-Деве Баир. Од тој период па се до денес останал неоправдан исплатениот аванс во вкупен износ од 9.093 илјади денари;
- Во 1995 година склучен е договор со фирма за превоз, утовар и картирање во вагон и картирање на натоварени вагони со толчаник, за што требало да биде исплатен аванс во вкупен износ од 2.079 илјади денари. Ревизијата утврди дека е исплатен аванс во износ од 2.936 илјади денари, за 857 илјади денари повеќе од договореното. На крајот на 2007 година неоправданиот аванс изнесува 2.891 илјади денари.
- Во периодот од 1996 до 1998 година склучен е договор и три анекс договори со една фирма за изведување на земјени градежни работи на пругата Куманово-Бељаковци, при што е исплатен аванс во вкупен износ од 5.000 илјади денари и истиот согласно склучените договори е за 1.521 илјади денари поголем. На крајот на годината неоправданиот аванс изнесува 3.923 илјади денари. Треба да се истакне дека оваа фирма повеќе не постои, а одговорните лица во ЈП Македонски железници ц.о. Скопје побарувањата по овој основ не ги пријавиле во стечајната маса.
- Во 2006 година склучен е договор со фирма за изведување на градежни работи за поставување на инфраструктура за оптички кабел на делница Скопје-Тетово. Исплатен е аванс во износ од 8.532 илјади денари, при што на крајот на 2007 година неоправданиот аванс изнесува 6.280. Овој аванс не е оправдан ниту во 2008 година,

иако работата, предмет на договорот требала до биде извршена за 100 календарски денови од денот на склучување на договорот.

- Од средствата на IV Заем од Меѓународната Банка за обнова и развој (од 1995 година), кој бил наменет за модернизација на пругата Табановци – Гевгелија, од три германски фирми биле набавени репроматеријали и опрема. Согласно склучените договори најголем дел од овие репроматеријали и опрема биле директно испратени на доработка во странска фирма, при што за вредноста на испратените средства било задолжено контото Аванси за материјални средства. Овој аванс се правдал преку испорака на доработена опрема. На крајот на 2007 година неоправданиот аванс изнесува 63.186 илјади денари. Фирмата која требала да ја изврши доработката повеќе не постои, а нејзиниот правен наследник не го прифаќа преземањето на долгот. Од вработените во ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје добиена е информација дека во тек се преговори за соработка со новоформираната фирма и подмирување на долгот од нивна страна.

- Одговорното лице во ЈП Македонски железници ц.о. Скопје во 2000 година без согласност на Државниот правобранител како претставник на Република Македонија склучило договор за продажба на недвижен имот-земјиште во државна сопственост, за кое имал само право на користење.

Имено, ЈП Македонски железници ц.о. Скопје исплатило аванс во вид на недвижен имот - земјиште во вкупен износ од 12.604 илјади денари на фирма која вршела изградба на станбен и деловен простор, при што за таа цел бил склучен купопродажен договор и за отстапеното земјиште ЈП Македонски железници ц.о. Скопје требало да добие административно-технички простор од 320 м2. Договорот е заверен кај нотар и платени се 378 илјади денари данок на промет на недвижности. Во 2007 година Република Македонија спроведува судска постапка, во која како тужени се јавуваат ЈП Македонски железници ц.о. Скопје и фирмата со која бил склучен договорот, и по пресудата донесена од Основен суд Скопје II Скопје договорот е прогласен за ништовен.

Наведените неправилности кои потекнуваат од минатите години се една од причините за тешката финансиска состојба во која се наоѓа ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје. Од страна на одговорните лица кои во тоа време работеле во ЈП Македонски железници ц.о. Скопје, не е водено грижа за извршување на работите за кои се исплатени големи авансни износи, не се преземени активности за враќање на исплатените средства и дадената опрема и материјали, а ниту се спроведени судски постапки.




старосна стуктура и оправданост на дадени аванси


Ул:"Маршал Тито"бр.12/3
Палата Македонија-Скопје;
тел: 3211 -262; факс 3126-311;
Овластен државен ревизор

**Препорака:**

Одговорното лице да преземе активности за надминување на констатираните состојби, со цел да се завршат започнатите работи или да се повратат претходно исплатените авансни средства. За одговорните лица кои во изминатиот период неблаговремено го следеле извршувањето на договорите и застареноста на ненаплатените побарувања да се преземат соодветни мерки.

11.4.4. На крајот на 2007 година, пописната комисија не извршила целосен попис и сметководствено усогласување на побарувањата и обврските, што е спротивно на одредбите од Законот за трговски друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Имено, пописната комисија не извршила проверка на реалноста на искажаните износи на побарувањата и обврските, не ги утврдила причините за неблаговремена наплата и плаќање на истите, не ја утврдила нивната старосна структура, како и преземените активности за нивна наплата односно плаќање.
Неизвршениот попис на побарувањата и обврските придонесува за нереално и необјективно искажување на истите во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Пописната комисија во соработка со вработените од одделението за сметководствени работи и одделението за финансиски работи да преземе активности со цел пописот на побарувањата и обврските да се извршува согласно наведената законска регулатива.

11.4.5. Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 Ревизорски докази и 505 Екстерни конфирмации од страна на ревизијата беа испратени конфирмации до комитентите заради обезбедување достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на обврските и побарувањата.
За нанаплатените побарувања од купувачите, дадените аванси за материјални средства и дадени кредити, депозити и кауции, кои изнесуваат 897.272 илјади денари беа испратени 45 конфирмации (вклучувајќи ги и оние кои биле испратени од надворешната ревизорска куќа) кои опфаќаат 87% од побарувањата. Од испратените конфирмации добиени се одговори од 19 комитенти, од кои 11 конфирмации во износ од 36.798 илјади денари ја потврдија сметководствената состојба (5% од испратените конфирмации), 8 конфирмации во износ од 191.004 илјади денари (25% од испратените конфирмации) не ја потврдија состојбата, додека за 26 конфирмации во вкупен износ од 549.533 илјади денари (70% од испратените кофирмации) не се добиени одговори.
За неизмирените обврски спрема добавувачите во земјата и странство кои изнесуваат 105.232 илјади денари беа испратени 31 конфирмација (вклучувајќи ги и оние кои биле испратени од надворешната ревизорска куќа), кои опфаќаат 86% од обврските. Од испратените конфирмации добиен е одговор од 20 комитенти, од кои 15 конфирмации во износ од 20.727 илјади денари ја потврдија сметководствената состојба (23% од испратените конфирмации), 5 конфирмации во износ од 10.339 илјади денари (11% од испратените конфирмации) не ја потврдија состојбата, додека за 11 конфирмации во вкупен износ од 59.358 илјади денари (66% од испратените кофирмации) не се добиени одговори.

Врз основа на изнесеното и извршената анализа на побарувањата и обврските, ревизијата не обезбеди доказ дека побарувањата од купувачите, дадените аванси за материјални средства, дадени кредити, депозити и кауции и обврските од добавувачите во земјата и странство во Билансот на состојба се реално и објективно искажани.

**Препорака:**

Одговорното лице да воспостави активности заради периодично усогласување на побарувањата и обврските со третите лица по пат на конфирмации.

11.4.6. ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје не постапило согласно Законот за девизно работење и меѓународниот сметководствен стандард 21 – Ефекти од промена на девизни курсеви и не извршило усогласување на долгорочните вложувања во акции кај три претпријатија, искажани во странска валута. Според наведениот стандард, на датумот на билансот на состојба сите монетарни ставки во странска валута треба да бидат искажани користејќи го средниот курс од последната листа во годината, објавен од Народна банка на Република Македонија.
Заради неискажаните курсни разлики помалку се искажани долгорочните вложувања и приходите за курсни разлики во износ од 1.233 илјади денари, кое има влијание во реалното и објективното искажување на финансиските извештаи.

Во текот на ревизијата извршена е корекција на наведената состојба, при што корекцијата е спроведена во сметководствената евиденција за 2008 година.

11.4.7. Со една фабрика, во 1994 година склучен е договор за производство на 170 илјади армирано-пренапрегнати бетонски прагови за вградување на пругите. Според договорот нарачателот ЈП за железничка инфраструктура се обврзал да плати 15% аванс од вредноста на материјалот во износ од 6,671 илјади денари. Ревизијата не обезбеди доказ за презмените мерки и ефектите од истите.
Ненавремено преземените мерки за расчистување на дадените авансни средства доведува до ерозија на капиталот на претпријатието и влошување на финансиската состојба.

**Препорака:**

Одговорноте лица да преземе мерки за расчистување на исплатениот аванс.

11.4.8. По извршениот попис на залихите на суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар на крајот на 2007 година и изготвениот пописен елаборат, членовите на пописната комисија констатирале низа неправилности:

- ✓ паушални процени на количините на одредени материјали кои се наведени во пописните листи, заради неможност истите физички да се избројат;
- ✓ недостапност на одредени материјали кои се чуваат во сандаци, а за кои нема соодветна и уредна спецификација;
- ✓ дадени позајмици на суровини и материјали во минатите години кои се уште не се вратени,
- ✓ за дел од материјалот на залиха не се воведени материјални картици, кои се основен показател за набавката и издавањето на залихата,
- ✓ за дел од залихата на материјали нема задолжени лица-магационери, одговорни за нејзиниот прием и издавање,

- ✓ дел од залихата која има значајна вредност не се чува во соодветно заштитени простори и истата е изложена на надворешни влијанија, со можност од уништување на нејзината употребна вредност и
- ✓ постоење на кражби заради несовесниот начин на стопанисување со залихите.

Заради наведените неправилности констатирани од страна на пописната комисија ревизијата искажува воздржаност во однос на точноста на искажаните податоци за вредноста на залихите во Билансот на состојба на ден 31.12.2007 година.

**Препорака:**

Одговорното лице во ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје да преземе мерки за отстранување на забелешките констатирани од пописната комисија и да се создадат услови за чување на залихите и со истите да се постапи со внимание на добар стопанственик.

**11.5. Неприменување на Законот за јавни набавки**

При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки спроведени во 2007 година, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

✓ За постапките за изградба на плато за истовар на трансформатори, изработка на студија за состојбата на одделни делови од пругата, извршување на инвестиционо одржување на горниот и долниот строј на одделни делови од пругата, како и за постапката за ревизија која опфаќа прием, контрола, утврдување и отстранување на недостатоци и издавање на потврда за исправност на пружни градежни машини и ТМД склучени се договори во вкупна вредност од 58.930 илјади денари. Постапките се спроведени со преговарање врз основа на согласности на Владата на Република Македонија во кои се дефинирани правните субјекти со кои треба да се спроведат наведените активности, спротивно на Законот за јавни набавки и добиената согласност од Бирото за јавни набавки;

✓ Постапките за набавка на колосечен прибор и реконструкција и ремонт на пругата Градско-Шивец врз основа на известување од Бирото за јавни набавки број 23-38052/2 од 12.12.2006 година спроведени се со постапка за барање за прибирање на понуди. Во објавените барања за прибирање на понуди е назначено дека пристигнатите понуди ќе бидат отворени од Комисијата за јавни набавки без присуство на кандидатите, што е спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки за јавно отварање на понудите и присуство на членовите на комисијата на набавувачот во полн состав и на претставниците на понудувачите.

✓ При одлучувањето, Комисијата за јавни набавки при ЈП за железничка инфраструктура Македонски железници Скопје за сите критериуми не ја применува Методологијата за изразување на критериуми во бодови.

12. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 11.3.1., 11.4.2. и 11.4.6. се помалку искажани приходи за износ од 26.105 илјади денари, помалку искажани трошоци 10.186 илјади денари во Билансот на успех за 2007 година и потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата на ден 31.12.2007 година во вкупен износ од 31.227 илјади денари.

13. Според наше мислење, заради наодите наведени во точките 11.3. и 11.4. финансиските извештаи невистинито и необјективно ја искажуваат финансиската состојба на ЈП за железничка инфраструктура Македонски железници Скопје за 2007 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2007 година.

14. Според наше мислење, освен во точките 11.3.2., 11.4.3. и 11.5. е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2007 година.

Скопје, 03/04/2009 година



***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211 -262; факс 3126-311;***

***Овластен државен ревизор***

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА ПЕРИОД 08.08.2007 ДО 31.12.2007 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис | 08.08.- 31.12.2007 |
|---|---|
| Приходи од продажба | 410,673 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | 28 |
| Останати деловни приходи | 114,841 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **525,542** |
| Материјални трошоци | 112,623 |
| Трошоци за бруто плати | 174,321 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 392,572 |
| Вредносно усогласување на краткорочни средства | 1,989 |
| Останати оперативни трошоци | 64,006 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **745,511** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 541 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 38,224 |
| **ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **(257,652)** |
| **ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(257,652)** |
| **Даноци и придонеси** | **8,722** |
| **ЗАГУБА** | **(266,374)** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ** во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 31.12.2007 | 08.08.2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 65,613 | 26,824 |
| Побарувања по основ на продажба | 124,957 | 18,485 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 110 | 546 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 4,801 | 5,761 |
| Други краткорочни побарувања | 2,444 | 49,445 |
| Платени трошоци за идните периоди | 6,472 | 13,918 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 7,493 | 11,060 |
| Залихи | 140,005 | 110,445 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 670,897 | 665,825 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,022,792** | **902,309** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 37,986,033 | 38,412,190 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 88,515 | 96,065 |
| **Вкупно постојани средства** | **38,074,548** | **38,508,255** |
| **Вкупна актива** | **39,097,340** | **39,410,564** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 105,875 | 117,069 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 40 | 368 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 281 | 0 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 2,641,757 | 2,606,353 |
| Останати краткорочни обврски | 387,097 | 407,948 |
| Одложени плаќања на трошоци | 341,370 | 326,293 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **3,476,420** | **3,458,031** |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни обврски | 220,945 | 263,816 |
| **Вкупно нетековни средства** | **220,945** | **263,816** |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 31,568,479 | 22,979,482 |
| Ревалоризациона резерва | (1,026,791) | 14,842,912 |
| Резерви | 0 | 1,825 |
| Акумулирана добивка | 1,296 | 1,296 |
| Пренесена загуба | (1,206,191) | (7,710,354) |
| Загуба за финансиска година | (266,374) | (756,004) |
| **Вкупно капитал и резерви** | **29,070,419** | **29,359,157** |
| **Вкупна пасива** | **32,767,784** | **33,081,004** |

**П Р Е Г Л Е Д**

**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА ПЕРИОД 08.08.2007 ДО 31.12.2007 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал | Законски резерви | Ревалоризациона резерва | Акумулирана добивка | Пренесена загуба | Загуба за финансиска година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 08.08.2007 година** | **22,579,665** | **399,817** | **1,825** | **14,842,912** | **1,296** | **(7,710,354)** | **(756,004)** | **29,359,157** |
| Книжење на проценка | 15,220,421 | (6,640,242) | (1,825) | (15,869,703) | - | 7,291,349 | - | **-** |
| Корекција на Планот на Владата на Р.М. (преотстапени патнички возила од АД Транспорт) | - | 8,818 | - | | - | - | - | **8,818** |
| Расходување и дислокација на бараки | - | - | - | - | - | (31,182) | - | **(31,182)** |
| Сметководствена корекција | - | - | - | - | - | (756,004) | 756,004 | **-** |
| Загуба од тековната година | - | - | - | - | - | - | (266,374) | **(266,374)** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **37,800,086** | **(6,231,607)** | **-** | **(1,026,791)** | **1,296** | **(1,206,191)** | **(266,374)** | **29,070,419** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 Ден.

| | **31.12.2007/ 08.08.2007** |
|---|---|
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **ЗАГУБА** | **(257,651)** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 392,572 |
| Вонредни расходи од отстапени акции | 6,828 |
| Расходи од вредносно усогласување на побарувања | 1,989 |
| Останати деловни приходи | (479) |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 4,129 |
| Дел од добивка за дивиденди | |
| **Готовински текови од работење** | 147,388 |
| Побарувања по основ на продажба | (106,472) |
| Побарувања од поврзани субјекти | 436 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 960 |
| Други краткорочни побарувања | 47,001 |
| Платени трошоци за идните периоди | 7,446 |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | 3,567 |
| Залихи | (29,560) |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | (5,072) |
| Краткорочни обврски за хартии од вредност | - |
| Обврски спрема добавувачи | (11,194) |
| Примени аванси, депозити и кауции | (328) |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 281 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 35,404 |
| Останати краткорочни обврски | (20,851) |
| Одложени плаќања на трошоци | 15,077 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **84,083** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 7,550 |
| Нематеријални и материјални вложувања | (9,973) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(2,423)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Обврски по долгорочни кредити | (42,871) |
| Капитал | - |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(42,871)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **38,789** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **26,824** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **65,613** |


***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211 -262; факс 3126-311;***

***Овластен државен ревизор***